Врз основа на член 128 став 1 алинеја 3 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија" бр. 114/2006), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НОСЕЊЕТО И ВРЕМЕТО НА ТРАЕЊЕ НА УНИФОРМАТА НА ПОЛИЦИЈАТА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува носењето и времето на траење на униформата на Полицијата (во натамошниот текст: униформа).

Член 2

Под униформа во смисла на овој правилник се подразбираат пооделните делови на униформата што на полицаецот му припаѓаат согласно одредбите на Уредбата за униформата и ознаките на униформата на Полицијата.

Член 3

Носење на униформа во смисла на овој правилник претставува начин на комбинирање на поодделни делови на униформата од ист вид, од страна на полицаецот на кој му припаѓа тој вид на униформа согласно одредбите на Уредбата за униформата и ознаките на униформата на Полицијата.

Член 4

Времето на траење на поодделните делови на униформата се определува на 12, 24, 36, 48 и 60 месеци.

## II. НОСЕЊЕ НА УНИФОРМАТА

Член 5

Комбинирањето од член 3 на овој правилник полицаецот го врши по сопствен избор.

Полицаецот не може истовремено да носи поодделни делови на униформата од различен вид.

## III. ВРЕМЕТО НА ТРАЕЊЕ НА УНИФОРМАТА

### 1. Работна униформа

а) Работна униформа на полицајците

Член 6

Времето на траење на поодделните делови од работната униформа на полицајците изнесува за:

| | |
|---|---|
| - кратка виндјакна | 48 месеци |
| - виндјакна | 48 месеци |
| - два пара панталони, капа „БК", сако и шапка од материјал камгарн | 24 месеци |
| - два пара панталони, капа „БК", сако и шапка од материјал тергал | 24 месеци |

| | |
|---|---|
| - два пара панталони и<br>капа „БК“од материјал фармерско платно | 24 месеци |
| - две кошули со долги ракави | 12 месеци |
| - две кошули со кратки ракави | 12 месеци |
| - две маици со кратки ракави | 12 месеци |
| - две вратоврски | 12 месеци |
| - џемпер | 36 месеци |
| - долна облека | 24 месеци |
| - подкапа | 48 месеци |
| - дводелен комплет за дожд | 60 месеци |
| - кожни ракавици | 36 месеци |
| - чевли со потенок ѓон | 12 месеци |
| - чевли со подебел ѓон | 24 месеци |
| - чевли со гумен ѓон | 24 месеци |
| - високи специјални чизми | 60 месеци |
| - два пара чорапи – доколеници | 12 месеци |
| - четири пара памучни чорапи | 12 месеци. |

Член 7

Времето на траење на деловите од работната униформа на полицајците – припадници на Единицата за брзо распоредување, Единицата за специјални задачи, на Единицата за службени кучиња и службени коњи и на полицајците од Полициските станици за обезбедување на државната граница во Регионалните центри за гранични работи, освен на високите специјални чизми е двојно подолго од времето на траење на деловите на работната униформа на останатите полицајци.

Времето на траење на високите специјални чизми за полицајците - припадници Единицата за брзо распоредување, Единицата за специјални задачи и на полицајците од Полициските станици за обезбедување на државната граница во Регионалните центри за гранични работи, изнесува 24 месеци, а за полицајците од Единицата за службени кучиња и службени коњи, 36 месеци.

б) Работна униформа на полицајките

Член 8

Времето на траење на пооделни делови од работната униформа на полицајките изнесува за:

| | |
|---|---|
| - здолниште од материјал камгарн | 24 месеци |
| - здолниште од материјал тергал | 24 месеци |
| - капата ЕУ | 24 месеци |
| - чевли-салонки | 12 месеци |
| - чевли со ластик | 12 месеци |
| - шест пара хулахоп-чорапи | 12 месеци |
| - чанта | 48 месеци. |

Времето на траење на другите делови од работната униформа на полицајките е исто со времето на траење на соодветните делови од работната униформа на полицајците.

## 2. Униформа за извршување на посебни и специјални задачи

Член 9

Времето на траење на пооделните делови од униформата за извршување на посебни и специјални задачи, изнесува за:

2.1. Маскирна униформа

| | |
|---|---|
| - маскирна виндјакна | 36 месеци |
| - две летни маскирни кошули | 36 месеци |
| - една зимска маскирна кошула | 36 месеци |
| - два пара летни маскирни панталони | 36 месеци |
| - два пара зимски маскирни панталони | 36 месеци |
| - џемпер | 36 месеци |
| - две маскирни маици со кратки ракави | 12 месеци |
| - зимска маскирна капа со стреа | 24 месеци |
| - две летни маскирни капи со стреа | 24 месеци |
| - дождовна маскирна наметка | 60 месеци |

| | |
|---|---|
| 2.2. Бела униформа за зимски услови | 60 месеци |
| 2.3. Планинарска униформа | 60 месеци |
| 2.4. Скијачка униформа | 60 месеци |

2.5. Униформа за мотоциклисти

| | |
|---|---|
| - видјакна | 24 месеци |
| - панталони | 24 месеци |
| - памучна маица | 12 месеци |
| - ракавици | 24 месеци |
| - чизми | 24 месеци |
| - заштитен шлем (кацига) со визир и штитник за брада | 36 месеци |
| - заштитен шлем (кацига) без визир | 36 месеци |
| - капа | 24 месеци |
| - заштитен појас | 36 месеци |
| - штитник за врат и дел околу вратот | 36 месеци |
| - дводелен комплет за дожд | 36 месеци |

2.6. Униформа за велосипедисти

| | |
|---|---|
| - кратка виндјакна | 48 месеци |
| - панталони | 24 месеци |
| - кратки панталони (шорцеви) | 24 месеци |
| - две кошули со кратки ракави | 24 месеци |
| - две маици со кратки ракави | 12 месеци |
| - две ролки | 24 месеци |
| - патики | 24 месеци |
| - ракавици (кратки и долги) | 24 месеци |
| - кацига | 36 месеци |

2.7. Униформа за посадата на оклопните транспортери

| | |
|---|---|
| - тенковска капа-шлемофон | 60 месеци |
| - комбинезон, кратка винд¡акна, капа и кожни ракавици | 36 месеци |

2.8. Униформа за езерска контрола

| | |
|---|---|
| - два пара кратки панталони | 24 месеци |
| - две маици со кратки ракави | 12 месеци |
| - комбинезон | 48 месеци |

2.9. Униформа за припадниците на Посебната единица за поддршка

| | |
|---|---|
| - маскирен комбинезон | 48 месеци |
| - маскирен шешир „џангл“ | 48 месеци |
| - маскирни ракавици | 36 месеци |
| - дводелно маскирно надодело | 60 месеци |
| - дводелно пододело „полар“ | 36 месеци |
| - џемпер | 48 месеци |
| - две маици со кратки ракави | 12 месеци |
| - маскирна подкапа | 48 месеци |
| - фантом капа „Росио“ | 48 месеци |
| - беретка | 48 месеци |
| - полар капа | 60 месеци |

2.10. Униформа на припадници на Единица за специјални задачи и Единица за брзо распоредување

| | |
|---|---|
| - комбинезон | 36 месеци |
| - летен комбинезон | 36 месеци |
| - винд¡акна со термо влошка (виетнамка) | 36 месеци |
| - две кошули со долги ракави | 24 месеци |
| - два пара панталони | 36 месеци |
| - џемпер | 36 месеци |
| - пододело „полар“ | 36 месеци |
| - Гора-текс надодело | 36 месеци |
| - блузон | 24 месеци |
| - две маици со кратки ракави | 12 месеци |
| - маскирна дождовна наметка „пончо“ | 60 месеци |
| - ракавици со и без прсти | 36 месеци |
| - безбол капа | 24 месеци |
| - фантом капа „росио“ | 36 месеци |
| - плетена капа | 36 месеци |
| - навлака за шлем | 36 месеци |
| - беретка | 36 месеци |
| - шешир „џангл“ | 36 месеци |
| - маскирна марама | 36 месеци |
| - летни чизми | 24 месеци |

2.11. Униформа за јавачи на службени коњи

| | |
|---|---|
| - два пара панталони | 24 месеци |
| - заштитен елек за обука | 12 месеци |
| - елек за ноќно јавање | 36 месеци |
| - мантил за дожд | 60 месеци |
| - ракавици за јавање | 12 месеци |
| - јавачка капа (шлем) | 36 месеци |
| - чизми | 24 месеци |
| - чевли | 12 месеци |
| - мамузи | 12 месеци |
| - корбачи | 12 месеци |

3. Теренска униформа на полицајците

Член 10

| | |
|---|---|
| - теренска виндјакна | 36 месеци |
| - наметка за дожд | 48 месеци |
| - теренска блуза | 24 месеци |
| - два пара теренски зимски панталони | 24 месеци |
| - два пара теренски летни панталони | 24 месеци |
| - две теренски кошули со долги ракави | 24 месеци |
| - џемпер | 36 месеци |
| - зимска капа | 24 месеци |
| - две летни капи | 24 месеци |
| - полар-пододело | 36 месеци |
| - надодело | 60 месеци |
| - две памучни маици со кратки ракави | 12 месеци |
| - ракавици со пет прсти и без прсти | 36 месеци |
| - летни чизми | 24 месеци |
| - два пара чорапи-доколеници | 12 месеци |
| - четири пара памучни чорапи | 12 месеци. |

## 4. Делови што припаѓаат покрај работната униформа

Член 11

Времето на траење на пооделните делови што припаѓаат покрај работната униформа на полицајците и полицајките, за широкиот ремен (опасач) со шнола, тесен ремен со шнола, футрола за пиштол, футрола за резервна рамка, футрола за лисици за врзување, футрола за батериска лампа и футрола за клучеви изнесува 36 месеци.

## 5. Дополнителни делови на униформа

Член 12

Времето на траење на дополнителнаите делови на униформата изнесува за:

- балистички елек (панцир), заштитна гас маска, шлем, балистички заштитен шлем, робокап одело, тактички елек со додатоци, тактички елек со вграден алпинистички појас и додатоци во црна боја, тактички опасач, тактичка спуштена футрола за пиштол, опасач во бела боја, ремен, транспортна торба за оружје и муниција, транспортна торба за опрема, транспортен ранец, ранец, заштитни очила за гаѓање, тактички заштитни очила, штитници

за колена и лакти, суспензори, приречен џебен алат со футрола за опасач, вреќа за спиење, алпинистички единечен шатор, гумени чизми, офицерска командна торба, антифони, метална телескопска палка, палка-тонфа, гумена палка, мини батериска лампа, торбичка со прва помош, футрола за нож-бодеж, футрола за нож-танто, матарка за вода, мешина за вода „камила“, прибор за јадење, подметнувач од пресуван сунѓер, штит, балистички штит и маскирно шаторско крило и очила за сонце 60 месеци

- планинарски чизми, тактички летни чизми, флуросцентно елече, флуросцентни подлактици, подлактици во бела боја, бели ракавици, свирка со гајтан, стоп палка и стоп светлечка палка 24 месеци.

## 6. Свечена униформа

Член 13

За сите полицајци и полицајки, времето на траењето на деловите од свечената униформа, се определува по потреба.

## 7. Маскирна униформа за припадници на резервниот состав на Министерството за внатрешни работи

Член 14

Времето на траење на маскирната униформа и дополнителните делови на униформата на припадниците на резервниот состав на Министерството за внатрешни работи, се определува по потреба.

## 8. Цивилна облека

Член 15

Времето на траење на деловите од цивилната облека на работниците кои вршат работи и задачи на внатрешно обезбедување на објекти и на личности кои се обезбедуваат изнесува за:

- сако, два пара панталони, три кошули, елек, две вратоврски, четири пара чорапи и два пара чевли 12 месеци
- шал 24 месеци
- мантил, ремен и кожни ракавици 48 месеци

## 9. Униформа за припадници на хеликоптерската единица

9.1. Униформа за летачки персонал

Член 16

Времето на траење на деловите од униформата на припадниците на хеликоптерската единица, изнесува за:

- летачката кожна јакна од типот USAF A-2 60 месеци
- виндјакната од типот CWU-36/P NOMEX 36 месеци
- летачкиот комбинезон од типот CWU-27/P NOMEX 24 месеци
- летачкиот зимски поткомбинезон 24 месеци
- летна долната облека 24 месеци
- зимска долната облека 24 месеци

| | |
|---|---|
| - летачки чизми | 36 месеци |
| - чевли | 12 месеци |
| - летачки ракавици од типот USAF/USN | 24 месеци |

9.2. Униформа за воздухопловно-техничкиот персонал

Член 17

Времето на траење на деловите од униформата за воздухопловно-техничкиот персонал, изнесува за:

| | |
|---|---|
| - зимска винджакна | 60 месеци |
| - винджакна | 36 месеци |
| - дводелен зимски комбинезон | 24 месеци |
| - дводелен летен комбинезон | 24 месеци |
| - поткомбинезон | 24 месеци |
| - летна долна облека | 24 месеци |
| - зимска долна облека | 24 месеци |
| - зимска поткапа | 36 месеци |
| - кожни ракавици | 36 месеци |
| - чизми | 36 месеци |
| - воздухопловни полувисоки чевли со гумен ѓон | 12 месеци |

9.3. Дополнителни делови на униформата на припадниците на хеликоптерска единица

Член 18

Времето на траење на дополнителните делови на униформата на припадниците на хеликоптерската единица, изнесува за:

| | |
|---|---|
| - летачка торба | 60 месеци |
| - заштитни очила за сонце | 24 месеци |
| - прибор за прва помош | 12 месеци |
| - антифони | 24 месеци |
| - заштитни наочари | 24 месеци |

Член 19

На полицаецот нема да му се заменат деловите на униформата по истекот на предвиденото време на траење пропишано со овој правилник:

1. за онолку месеци за колку што се наоѓал на боледување или бил оддалечен од работа од Министерството за внатрешни работи;

2. за онолку месеци за колку што извршувал други работи и задачи, а чие извршување не носел униформа и

3. ако до пензионирањето по сила на закон му преостанале помалку од 12 месеци.

IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 20

Со денот на отпочнувањето на примената на овој правилник, престанува да важи Правилникот за времето на траењето на облеката и посебната лична опрема на Полицијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.2/2002).

Член 21

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 11.11.2007 година.

Бр.13.1-38328/1
11 јуни 2007 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Гордана Јанкулоска**, с.р.